UDK 005.742:005.72(5/9):339.9

# КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД БРИКС – ПРЕДИЗВИК ЗА ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

**Назми Маличи**
Професор на ФОН Универзитет - Скопје

**Зорица Силјановска**
доц. д-р, ФОН Универзитет, Република Македонија – Скопје
zorica.siljanovska@fon.edu.mk

**Апстракт**
БРИКС е акроним за сојуз на пет најголеми национални економии во развој: Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужноафриканската Република. Земјите членки на БРИКС се познати по нивното значително влијание врз регионалните прашања и сите се членки на групата на 20 најразвиени земји во светот ( Г20). Проекцијата на земјите од БРИКС е да станат главни двигатели во растот на светската економија до 2030 година. Соработката меѓу овие земји е водена не само од економски и политички фактори, туку и од неуспехот на постоечката глобална рамка која ги детерминира системите на корпоративно управување да ги задоволи потребите на овие земји. Земјите членки на БРИКС остваруваат континуиран раст, а со политичките иницијативи даваат значителен придонес за развој и на развиените земји и на земјите во развој. Последните години овие земји се сметаа за двигатели на глобалниот развој и се карактеризираат со добро развиени системи на корпоративно управување кои во континуитет ги надоградуваат и зајакнуваат.

**Клучни зборови**: БРИКС, развој, раст, глобализација, корпоративно управување, светска економија, финансиска стабилност.

# CORPORATE GOVERNANCE IN THE BRICS COUNTRIES – A CHALLENGE FOR THE GLOBAL ECONOMY

**Nazmi Maliqi**
Professor, FON University
E-mail: nazmi.maliqi@fon.edu.mk

**Zorica Siljanovska**
FON University, Macedonia
E-mail: zorica.siljanovska@fon.edu.mk

**Abstract**
BRICS is an acronym for the alliance of the five largest emerging economies: Brazil, Russia, India, China and the South African Republic. The BRICS member states are known for their significant impact on regional issues and are all members of the group of the 20 most developed countries in the world (G20). The projection of the BRICS countries is to become the main drivers in the growth of the world economy by 2030. Cooperation between these countries is driven not only by economic and political factors, but also by the failure of the existing global framework that determines corporate governance systems to meet the needs of these countries. The BRICS member states are continuously growing, and with political initiatives, they make a significant contribution to the development of both developed and developing countries. In recent years, these countries have been seen as drivers of global development and are characterized by well developed corporate governance systems that are continually upgrading and strengthening them.

**Key words:** *BRICS, development, growth, globalization, corporate governance, world economy, financial stability.*

## Економски раст и развој во земјите на БРИКС во периодот на глобална економска криза и корпоративното управување

БРИКС (eng. BRICS) е акроним за сојуз на петте најголеми национални економии во светот, меѓународна политичка организација на водечките сили во развој и наследник на претходната организација БРИК, укината со вклучувањето на Јужноафриканската Република (ЈАР) во 2010 година.Сегашните пет земји-членки се Бразил, Русија, Индија, Кина и ЈАР (BRICS = Brazil, Russia, India, China и South Africa).[1]Со исклучок на Русија,[2] членките на БРИКС се земји во развој што се сметаат за нови сили поради нивните големи стопанства и значајно влијание во регионалните и меѓународните случувања и економски текови. Во нив живее речиси една половина од светското население, со

[1] http://www.southafrica.info/global/brics/brics-080411.htm#.UMj7ROT7Jg0
[2] http://www.un.int/russia/new/MainRoot/docs/off_news/130109/newen2.htm

збирен БДП од 13,6 трилиони долари,[3] и заедно имаат надворешни резерви од 4 трилиони долари.[4]

Слика бр.1 Земјите од БРИКС на карта



Извор: http://www.bdlive.co.za/articles/2012/03/28/brics-a-force-for-world-peace-says-china

Поранешниот претседателот на Кина Ху Џинтао[5] изјавил дека „земјите од БРИКС се бранители и застапници на земјите во развој и поборници за мир во светот".[6] Меѓутоа, некои аналитичари велат дека постојат и значајни спорни теми во рамките на организацијата, особено несогласувањата помеѓу Кина и Индија за статусот на Тибет.[7]

Во септември 2006, шефовите на дипломатиите на првичните четири членки на БРИК (Бразил, Русија, Индија и Кина) се состанале во Њујорк, започнувајќи низа средби на високо ниво. Како целина, членките на организацијата за прв пат се состанале на 16 мај 2008 во Екатеринбург, Русија.[8]

Групата одржува годишен самит секоја година од 2009 година наваму. Пред приклучувањето на ЈАР, БРИК одржале два самита: во 2009 и 2010 година. Првиот самит на петчлената група БРИКС бил одржан во 2011, а последниот 10-ти самит бил одржан од 25-27 јули во ЈАР. Тема на самитот била: "Соработката неопходен услов за инклузивен раст и заеднички просперитет". Притоа, лидерите на земјите на БРИКС дискутирале за политичките, економските и социјалните проблеми од заеднички и меѓународен интерес. Главна цел на самитот било да се изнајдат начини за засилување

[3] http://www.imf.org/external/pubs/ft/weo/2011/02/weodata/weorept.aspx?sy=2009&ey=2016&scsm=1&ssd=1&sort=country&ds=.&br=1&c=223%2C924%2C922%2C199%2C534&s=NGDPD%2CNGDPDPC%2CPPPD%2CPPPPC&grp=0&a=&pr.x=101&pr.y=17

[4] http://www.csmonitor.com/World/Global-Issues/2011/1018/Amid-BRICS-rise-and-Arab-Spring-a-new-global-order-forms

[5] Hu Jintao бил роден во Кина 1942 година. Тој бил лидер на четвртата генерација на Комунистичката партија во Кина, Генерален секретар на Комунистичката партија од 2002-2012, Претседател на централната воена комисија од 2004-2012 и Претседател на Народна Република Кина од 2003-2013 година.

[6] http://www.bdlive.co.za/articles/2012/03/28/brics-a-force-for-world-peace-says-china

[7] http://www.atimes.com/atimes/Global Economy/ND03Dj01.html

[8] http://archive.kremlin.ru/eng/articles/bric_1.shtml

на соработката, консултациите и координацијата помеѓу овие земји за подобрување на квалитетот на живот на нивните граѓани и на меѓународната заедница.

БРИКС е формиран поради следниве две причини[9]:

- Да биде некој вид алтернатива на Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд за да се предизвика доминацијата на САД, како и да се креираат девизни резерви, да се развиваат бизниси, конкуренција, управување и водење на компании, развој на наука и технологија, сопственост, приватен сектор и борба против корупцијата, отварање можности за инвестиции, создавање иновации и градење на инфраструктура, трговска размена и здравствена заштита;
- Да се создадат сопствени и самостојно управувани компании кои ќе водат сметка за економскиот развој и економските планови во земјите членки на сојузот без да бидат зависни од странски компании. Овој аспект всуштност станува моќта на БРИКС за развојот на БРИКС Банката.

Здружувањето на земјите во сојуз е поткрепено од многу цели кои се однесуваат на поддржување на трговијата, комуницирањето, регионалната безбедност, безбедноста на луѓето, развој на човечкиот потенцијал, технолошки развој, искоренување на тероризмот и намалување на социјалните и економските зла во регионот. Со пристапувањето кон сојузот, Русија се залага за зголемување на трговијата низ Африка и Јужна Америка. Вкупниот бруто-домашен производ (БДП) на групата земји со динамичен стопански развој, позната под името БРИКС, се проценува на 13,6 трилиони долари, што е приближно еднакво на една четвртина од светскиот БДП. Членките на групата БРИКС, Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужноафриканската Република, кои чинат 43% од вкупната светска популација, учествувале во глобалниот тек на директната странска помош во 2012 година со 11%, а во светската трговија со 17%.[10]

Табела бр.1 Карактеристики на земјите членки на БРИКС во периодот на светската економска криза од 2009-2011.

| Економска категорија | Година | Бразил | Русија | Индија | Кина | ЈАР |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП - паритет на куповна моќ | 2011 | $2.324трил. | $2.414 трил. | $4.515 трил. | $11.29 трил. | $562.2 бил. |
| | 2010 | $2.262 трил. | $2.314 трил. | $4.210 трил. | $10.34 трил. | $545.1 бил. |
| | 2009 | $2.103 трил. | $2.219 трил. | $3.806 трил. | $9.356 трил. | $529.8 бил. |
| БДП – официјален курс | 2011 | $2.493 трил. | $1.850 трил. | $1.676 трил. | $6.989 трил. | $408.1 бил. |
| БДП - стапка на раст | 2011 | 2.70% | 4.30% | 7.20% | 9.20% | 3.10% |
| | 2010 | 7.50% | 4.30% | 10.60% | 10.50% | 2.90% |
| | 2009 | -0.30% | -7.80% | 6.60% | 9.20% | -1.50% |
| БДП- по глава жител | 2011 | $11.90 | $17.00 | $3.70 | $8.40 | $11.10 |

[9]N. Mehta, V. Nair, S. Prajapati, J. Patel, V. Rajpurphit and P. Solanki. (2016). BRICS, Published on Apr 10, 2016, Available at: https://www.slideshare.net/niyatimehta79/brics-60721350

[10] http://kapital.com.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | $11.70 | $16.20 | $3.50 | $7.50 | $10.90 |
| | 2009 | $11.00 | $15.60 | $3.20 | $7.00 | $10.70 |
| **Население под стапката на сиромаштија** | 2011 | 21.40% | 13.10% | 29.80% | 13.40% | 50% |
| **Работна сила** | 2011 | 104.7 мил. | 75.41 мил. | 487.6 мил | 795.5 мил. | 17.66 мил. |
| **Стапка на невработеност** | 2011 | 6% | 6% | 9.80% | 6.50% | 24.90% |
| | 2010 | 6.70% | 6.70% | 10% | 6.10% | 24.90% |

Извор*:* https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/fields/2116.html

**Улогата на БРИКС во развојот на меѓународната економија во посткризниот период**

На самитот на БРИКС одржан во 2012 година, на самиот почеток на посткризниот период, земјите освен што се согласиле да го поддржат ММФ, најавиле дека во иднина ќе обезбедуваат и кредити во локални валути, со што планирале да овозможат економски пораст и во време на криза и во посткризниот период.

Експертите за овој потег сметале дека ќе помогне за намалување на трошоците за трансакциите, но и за зацврстување на тие валути на светско ниво, со што ќе можат да му парираат на доларот како резервна валута, барем во трговијата меѓу земјите членки БРИКС. Ваквата идеја била во согласност со интересите на светската економија. Еврото и доларот веќе не се монополи во улога на резервни валути. Јасно е дека на светот му требаат повеќе резервни валути.

Русија и Кина веќе неколку години тргуваат меѓусебно во рубли и јуани, а новина е што Русија планира да ја прошири локална валута и со Индија.Од своја страна, БРИКС-земјите во 2014 година ја  основаа и Новата развојна банка, која може да се смета за ривал на Светска банка и на Меѓународниот монетарен фонд. Таа функционира како кредитна агенција и  обезбедува финансиски средства за земјите-членки на БРИКС и за нивните заеднички проекти, но и за други земји. Целта на оваа банка не е да биде создадена само во корист на членките на БРИКС туку и за развој на други земји пошироко.

Лидерите на Бразил, Русија, Индија, Кина и на Јужноафриканската Република уште на самитот во индискиот главен град Њу Делхи заклучиле дека во индина неопходно е да превземаат активности со цел нивната силна економска моќ да се одрази и низ поголемо влијание во финансиските институции како што се Меѓународниот монетарен фонд и Светска банка. Создавањето на заедничка развојна банка и поголемата меѓусебна трговија ќе влијаат да се спречи појава на нови глобални економски кризи кои можат да се појават и прелеат и во овие економии.

БРИКС остануваат двигатели на светскиот економски раст. Предизвик на последниот самит за лидерите било да донесат одлука за прашања поврзани не само за иднината на БРИКС, туку и за одлуки за прием на нови членки, основање постојано седиште на групацијата и осврт на неколку глобални политички прашања како што се Сирија, Иран и најверојатно, Северна Кореја. Се разговарало и за чекорите потребни за

поддршка и раст на глобалната економија особено за чекорите превземи после должничката криза во ЕУ.

Федерацијата на индиски стопански комори и индустрии објавила документ за БРИКС во кој секоја економија од таа групација треба да вложи напори да го капитализира големиот потенцијал, но подеднакво важно е нивната заемна соработка да биде проширена вон геополитичките рамки и во голема мера да биде водена од економските потреби. После глобалната финансиска криза растот сѐ помалку доаѓа од развиените држави на Запад. Долгорочно, експерите се и понатаму оптимисти дека БРИКС ќе биде глобален двигател на растот.

Земјите членки на  БРИКС постојано ги разгледуваат меѓународните економски прашања и спроведуваат различни форми на меѓународни координативни активности како одговор на глобалните и регионалните прашања од заеднички интерес. Финансиската и економската соработка на земјите членки на БРИКС служи како нов и иновативен модел за постигнување на понатамошна соработка Југ-Југ. Поединечните земји  членки на  БРИКС, исто така, го прошируваагт обемот на странска помош за недоволно развиените земји. Развојот на глобализација значи дека БРИКС станува важен извор на глобален раст и политичко влијание. Економиите во рамки на БРИКС брзо го зголемуват нивниот удел во глобалниот БДП, кој од 11% во 1990 година се зголеми на речиси 30% во 2014 година. Земјите членки на БРИКС опфаќаат  повеќе од 40% од светската популација, имаат над 4 трилиони американски долари резерви исочинуваат повеќе од 17% од глобалната трговија.Финансиските пазари во земјите членки на БРИКС брзо се прошируваат. На пример, за 20 години, пазарната капитализација на Бразил е зголемена од многу ниска стапка од 4% од БДП на 74%, Индија од 12% на 93%, Русија и Кина од речиси нула до 70%па дури и 81%. Во Јужна Африка, пазарната капитализација е зголемена повеќе од двојно од 123% на 278%. Според светските рангирања на S & P Global Market Intelligence, банките од овие пет земји се јавуваат меѓу првите 100 банки во светот, при што топ рангираните 4 банки се со седиште во Кина[11].

Заедничките интереси на земјите членки на БРИКС се следните[12]:

- желбата да се реформира застарената финансиска и економска архитектура во светот што ја игнорира растечката моќ на БРИКС;
- заедничка посветеност на принципите и нормите на меѓународното право, отфрлање на политиките на вооружен притисок и повредување на суверенитетот на другите народи;
- заеднички предизвици и проблеми поврзани со потребите на модернизација на економијата и општествениот живот;
- заемна комплементарност во разни сектори  на економиите на национално ниво.

[11]D. Mminele. (2016). “The role of BRICS in the global economy.” Address by Mr. Daniel Mminele, Deputy Governor of the South African Reserve Bank, at the Bundesbank Regional Office in North Rhine-Westphalia, Düsseldorf, Germany,7 July 2016.

[12]BRICS, A New Global Player in the Making, Available at: https://russische-botschaft.ru/wp-content/.../Brics__a_new_global_player.pp.

Соработката која се гради и развива се однесува на повеќе области. Таа е процес на повеќе нивоа со одржување на состаноци на советниците за национална безбедност, министрите за надворешни работи и други министерски состаноци за соработка во десетици области како што се економијата, трговијата, финансиите, бизнисот, земјоделството, образованието, здравство, науката и технологијата, културата и друго. Формирани се механизми за соработка, како што се: Нова банка за развој (*New Development Bank*), Контингент за резервно договарање (*Contingent Reserve Arrangement*), Бизнис совет (*Business Council*) и Совет на труст на мозоци (*Think Tank Council*). БРИКС прерасна во важна платформа за соработка меѓу нови пазари и земји во развој. Земјите од БРИКС доаѓаат од Азија, Африка, Европа и Америка. Заедно, тие сочинуваат 26,46% од светската површина, 42,58% од светската популација, 13,24% од гласачката моќ на Светска банка и 14,91% од квотата на ММФ. Според проценките на ММФ, земјите од БРИКС оствариле 22,53% од светскиот БДП во 2018 година. Тие заедно придонесоа за повеќе од 50% од светскиот економски раст во текот на последните 10 години (*BRICS 2018*).

Соработката меѓу членкитена БРИКС се темели на три нивоа на меѓусебна соработка и тоа[13]:

- Формално дипломатско ангажирање меѓу националните влади;
- Ангажирање преку институции поврзани со владата, на пр. државни претпријатија и деловни совети;
- Граѓанско општество и ангажирање "луѓе-за-луѓе".

Пристапот на БРИКС е информирање за потребата за продлабочување, проширување и интензивирање на односите во групите и меѓу поединечните земји за поодржлив, правичен и заемно корисен развој. Овој пристап ги зема предвид целите за раст, развој и намалување на сиромаштијата на секоја членка за да се осигура дека односите се изградени врз економските предности на соодветната земја и да се избегне конкуренцијата онаму каде што е можно. Светската економска криза го започна процесот на вистинска глобализација, а БРИКС потврди дека тоа е возможно и остварливо.

**Формални и неформални структури на корпоративно управување во земјите на БРИКС**

- ***Бразил***

Бразил започнал да гради формално правни структури на корпоративно управување во 2000 година. Лошото управување било резултат на слабата регулатива, правната несигурност, неразвиените институции, поседување акции без право на глас и сиромашни перформанси на компаниите. Во 2004 година го донесле првиот Кодекс за корпоративно управување[14], кој бил модифициран во 2009 година и бил адаптиран на потребите кои ги наметнувале новите глобалните економски промени.

---

[13] Africa Facts. “What is BRICS?” [web] Available at: https://africa-facts.org/what-is-brics/
[14] Code of Best Practices of Corporate Governance, March 2004.

За краток временски период, односно во 2009 година Бразил веќе имал солидна основа за развој и унапредување на корпоративното управување, правната сигурност била на високо ниво, контролата била зајакнета, но сè уште биле присутни одредени препреки во преземањето. Постоел јавен и приватен сектор, но како лидери со ефикасни и ефективни системи на корпоративно управување се издвојувале претприемачите и инвеститорите во приватниот сектор.

Брзиот економски раст и развој, налагал и развој на системи на добро корпоративно управување. Бразил интензивно ги развивал и формалните и неформалните структури на корпоративно управување, прифаќајќи ги и имплементирајќи ги меѓународните принципи и стандарди создал поволна клима и услови за унапредување и зајакнување на корпоративното управување.

- ***Русија***

Рускиот закон за корпоративно управување и имотни права бил изграден од нула во доцните 80те години на минатиот век. На развојот на корпоративното управување силно влијание имале неколку нормативни акти, започнувајќи од Законот за легализацијата на приватните компании 1986 години, Закон за имот 1991 година, Закон за приватизација државните претпријатија 1992 година, Закон за зголемување на правата на акционерите и Закон за тргување со хартии од вредност 1996 година. Заштитата на малцинските акционери и одвоеноста на улогата генерален извршен директор и претседател на одбор на директори биле исто така во насока на унапредување на корпоративното управување.

Со реформите во 2000 година, во Русија биле имплементирани меѓународните сметководствени стандарди и биле утврдени механизми за транспарентност и обелоденување на податоци. Во 2002 година во Русија бил донесен Кодекс за корпоративно управување.[15]

Денес Русија, покрај економскиот раст кој го остварува, се класифицира како „земја за почит“ според усогласеноста на нормите со меѓународните стандарди за добро корпоративно управување и ефикасната правна рамка изградена врз ОЕЦД принципите за добро корпоративно управување.

- ***Индија***

Формалните институции на корпоративното управување во Индија после нејзината независност биле многу сиромашни и слабо развиени, но во 1991 година започнал процесот на либерализација на пазарот, а во 1998 година бил усвоен Кодекс за корпоративно управување[16] многу сличен на корпоративното управување во пазарните економии.

Веќе во 1998 година Индија со воспоставената правна регулатива и институциите гарантирала и пружала различно ниво на заштита на правата инвеститорите, што било неопходен услов за развој на корпоративното управување. Од земјите во развој таа се карактеризирала со висок степен на заштита и добра формулација и на правата на акционерите и на кредиторите, што било потврда дека поставила цврста правна рамка за развој на добро корпоративно управување.

---

[15] The Russian Code of Corporate Governance, 4 April 2002.
[16] Desirable Corporate Governance in India – A Code, April 1998.

Конгломератите биле типични во Индија, немало раздвоеност меѓу сопственоста и управувањето, моќните семејства биле сопственици и го имале управувањето со компаниите во свои раце, компанијата била посебен правен субјект, се споменувал сет на акционери, но семејството имало доминантна улога и комплетна контрола. Во услови кога постоела слаба и неразвиена правна регулатива и институции за заштита на правата на малцинските акционери, постоењето на концентрирана сопственост се докажало дека е од корист за ефикасно функционирање.

Во 2009 година биле донесени доброволни упатства за корпоративно управување[17], кои се базирале на утврдените стандарди за унапредување и зајакнување на корпоративното управување. Тие немале обврзувачка моќ, но претставувале значајни смерници за компаниите, посебно во периодот кога доживувале експанзија, а од друга страна се соочувале со слаби системи на корпоративно управување.

- ***Кина***

Формално правните структури на корпоративното управување во Кина биле неефикасни во поддршката на либерализацијата на пазарот и развојот на пазарната економија. Приватната сопственост која претставувала основен постулат на пазарната економија, правно била регулирана во оваа земја неодамна. Во 1977 година приватните компании биле нелегални и занемарливи по број, за да во 2005 година статистичките податоци во Кина констатирале сосема поинаква состојба, односно 29,3 милиони приватни бизниси, кои вработувале над 200 милиони луѓе.

До 2004 година Кина се карактеризирала со слаба и неразвиена правна инфраструктура, несигурни права од интелектуална сопственост, слабо спроведување на договорите, сопственичките права сè уште не биле официјално признати, а коефициентот на корупција бил многу висок. Препознатлива била и по тоа што како доминантни акционери во акционерските друштва кои котирале на берза се јавувала државата или нејзините агенти, што не било случај во другите пазарна економии со развиени системи на корпоративно управување.[18]

Кодексот за корпоративно управување на Кина[19] кој бил донесен во 2004 година не бил во согласност со принципите кои важеле на Запад во повеќе сегменти, поистоветување на функцијата генерален извршен директор и претседател на одбор на директори, членовите на одборот не се независни од менаџментот, не постои дистинкција меѓу управувањето и контролата и затоа носи назив привремен кодекс. Формалната сопственост на управувачките структури се покажала како непогодна за ефикасно корпоративно управување.

- ***Јужноафриканска Република***

До крајот на 80тите година на минатиот век компаниите во Јужна Африка биле изолирани, нефокусирани, управувани од безгрижни менаџери кои сметале дека се незаменливи. Деловното опкружување на овие компании комплетно се разликувало од она на напредните економи и пазари на капитал. Основа на нивното функционирање

[17] Corporate Governance Voluntary Guidelines 2009, December 2009.
[18] Tang Xin, Revision of Lawa and Corporate Governance in China: With the treatment of tunneling as an example, Tsinghua University, School of Law, 2009.
[19] Provisional Code of Corporate Governance for Securities Companies, 15 January 2004.

била изолацијата. Домашните компании биле заштитени од конкуренцијата на странските производи, но биле и надвор од меѓународните пазари на капитал.

Во 2001 година се случиле радикални промени. Либерализација на трговијата, потрага по странски инвеститори, освојување на нови пазари, регулаторни реформи и создавање на нов систем за компаниите, нивните менаџери и домашните акционери.[20]Корпоративната структура се променила неповратно и во целост. Конгломератите биле раздвоени, а процесот на конвергенција на правната регулатива и сметководствените стандарди со меѓународните норми започнал. За економски раст потребно било нов капитал и домашен и странски, но и стратегија за негово ефикасно искористување. Во приоритети на владата биле развојот на пазарот на капитал и поддршката на приватните компании. Доброто корпоративно управување влијаело на стабилноста и остварувањето на предвидувањата за раст и развој.

Ниските стапки на задолженост, капиталните коефициенти и конзервативните банкарски пракси во голема мера им помогнале на јужноафриканските компании да ги избегнат проблемите со ликвидноста и солвентноста во текот на кризата. Намалувањето на ризикот на инвеститорите и создавањето ефикасен систем на корпоративно управување, би требало да го зголеми искористувањето на капиталот и развојот на пазарот за тргување со хартии од вредност.[21] Отпорноста на јужноафриканските компании и банки на макроекономските шокови во одредена мера било врзано со управувањето.

Во последните неколку години компаниите успеале да мобилизираат повеќе од тричетвртини од домашните заштеди во Јужна Африка, оствариле 85% од планираните инвестиции и во моментот поседуваат и управуваат со тричетвртини од капиталот на државата.[22]

Подобрувањето на перформансите на компаниите придонесувале за поатрактивен пазар на капитал и поголем прилив на капитал. Пазарот, владата, регулаторните агенции, берзата и сметководителите биле движечка сила на промените, мотивирани главно од желбата да се применуваат утврдените меѓународни стандарди во Јужна Африка. Новата легислатива со која биле забранети инсајдерски тргувања, довела до опипливи промени во ставовите и однесувањето на пазарот на капитал.

Во Јужна Африка во периодот од 1994-2009 година биле донесени три кодекси за корпоративно управување. Во Кодексот за корпоративно управување кој бил донесен во 1994 година[23] било предвидено дека одборот мора да има и неизвршни директори, но не само како контролни блокови, независни од управувањето. Покрај тоа претседателот на одборот не морало да биде биран од редот на неизвршните директори. Во 2002 година бил донесен вториот кодекс[24] кој содржел одредби за поефикасно корпоративно управување кои во најголем дел биле во согласност со меѓународните стандарди. Третиот кодекс[25] кој бил донесен 2009 година, кој се применува и денес ги инкорпорира

[20] Philip Armstrong, Corporate Governance in South Africa – A perspective from an Emerging Market, Presentation to the 5th Eurasian Corporate Governance Roundtable, Ukraine, May 2004.
[21] Philip Armstrong, The Evolution of Corporate Governance in South Africa, Speech delivered to the 4th Annual AIG Corporate Governance Seminar, 4 Avgust 2004.
[22] Malherbe.S and Segal.N, Corporate Governance in South Africa, 2007.
[23] King I Report , November 1994.
[24] King Report on Corporate Governance for South Africa-2002 (King II), March 2002.
[25] King Code of Corporate Governance for South Africa 2009 (King III), September 2009.

препораките за унапредување и зајакнување на корпоративното управување, раздвојување на функцијата генерален извршен директор и претседател на одбор на директори, јакнење на позицијата на неизвршните директори, баланс меѓу сопственоста-контролата-управувањето, транспарентност, дополнителни механизми за контрола и ревизија, заштита на правата на акционерите и утврдување одговорност на сите корпоративни структури.

За ефикасно корпоративно управување мора да се создаде моќен систем на корпоративна контрола, ефикасни и ефективни одбори, кои вклучуваат и независни директори, компетентни, одговорни и подготвени за спроведување на реформите и остварување на долгорочните цели.

**Развојот на неформални институции на корпоративно управување во насока на остварување функционална конвергенција**

Неформалните институции играат голема улога во развојот на корпоративното управување во пазарите кои се во развој, тие го подобруваат и унапредуваат управувањето и имаат силно влијание врз формалните институции и тоа е евидентво кај сите земји на БРИКС. Денес сите тие имаат поволно деловно опкружување. Поддршката и соработката меѓу акционерите, државата и локалната самоуправа е резултат на функционирањето на неформалните институции на различно ниво. Тие ја компензирааат нејасната корпоративна сопственост, ги штитат акционерите и инвеститорите и го градат легитимитетот на приватните компании наспроти неизвесната правна регулатива.

Овие институции ги штитат акционерите и нивните права од злоупотреби и претставуваат мост меѓу доминантните и малцинските акционери. Тие ги неутрализираат и компензираат сите слабости во заштитата на акционерите и нивните права. Тие се носители на реформите во корист на приватната сопственост која е постулат на пазарната економија.

Земјите на БРИКС имаат комплексна структура на корпоративно управување. Во сите земји присутна е концентрира сопственичка структура и слаба формално правна заштита на правата на малцинските акционери. Во Бразил и Русија правната рамка за развој на корпоративното управување е добра на хартија, за разлика од Индија и Кина каде што не е доволно јасна и прецизна. Сопственичките права во Кина се партикуларно заштитени и недоволно транспарентни. Индија во однос на транспарентноста позитивно се оценува, но недостига вистинска контрола која е потисната од моќните семејства-сопственици на компаниите или група лица кои вршат контрола. Импликациите од ваков вид на управување сопственост-контрола-управување на едно место се различни и улогата на неформалните механизми во овој сегмент посебно доаѓа до израз.

Кина de facto ги признава сопственичките права, владата и државата гарантираат заштита на правото на сопственост и се преземаат низа мерки за поттикнување и привлекување странски инвестиции. Во Русија и покрај формално правната заштита на сите акционери, вклучувајќи ги и малцинските, законот во пракса слабо се применува, присутно е маргинализирање на малцинските акционери од страна на доминантните, нејасна врска меѓу големите корпоративни сопственици и владата и недостиг на ефикасни механизми за контрола на менаџерите. Кина и Индија и покрај присуството на многубројните слабости во формалните институции, имаат развиени неформални

механизми кои ги надополнуваат тие слабости и промовираат позитивни инвестициски резултати како во однос на претприемништвото така и во однос на привлекувањето странски директни инвестиции. Јужноафриканската Република ги развивала и неформалните институции, но во ниту еден сегмент не ги запоставувала и формалните, бидејќи сметала дека само така ќе може да се изгради ефикасен систем на корпоративно управување кој е неопходен за економски раст и развој.

Придонесот на земјите членки на БРИКС се гледа во следново[26]:

- Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужна Африка (заедно како земји БРИКС) опфаќаат повеќе од 40% од светското население и нивната комбинирана економска вредност во 2015 година изнесува речиси една третина од глобалниот бруто домашен производ на светско ниво. БРИКС се појавува како нов центар на движење во меѓународниот економски систем.
- БРИКС станува централен извор на економска динамика која во просек изнесува импресивни 56% од растот на глобалниот БДП во периодот од 2008-2018 годиина. БРИКС се очекува да продолжи да напредува и да стигне до стапка од повеќе од половина од глобалниот економски раст до 2030 година.
- Учеството на земјите членки на БРИКС во светската трговија речиси е тројно зголемено во последните дваесет години. Увозот и извозот на земјите членки на БРИКС продолжуваат да растат дури и во контекст на намалување на вкупниот увоз и извоз во светот во периодот од 2008-2016, преку зголемена трговија и инвестиции.
- Придонесот на земјите членки на БРИКС за глобалниот економски раст до 2030 година се очекува да биде поголем ако се зголемат инвестициите во земјите на БРИКС. Побрзиот раст на земјите членки на БРИКС води до повисоки стапки на раст во сите земји.
- Придонесот на земјите членки на БРИКС за намалување на сиромаштијата во светот е огромен. Продолжениот раст на земјите членки на БРИКС останува важен за намалување на сиромаштијата, како и за намалување на меѓународните нееднаквости.
- Активностите на земјите членки на БРИКС за промовирање на други глобални развојни цели, исто така, се од суштинска важност. Соработката за развој на земјите членки на БРИКС и активностите за преструктуирање на глобалниот економски систем играат важна улога во изразувањето на посветеноста на земјите членки на БРИКС на меѓународниот развој, заедно со улогата на трговијата и инвестициите во економскиот раст.
- БРИКС игра важна улога во овозможувањето на подобро обезбедување на глобални јавни добра кои влијаат на заедничките економски, социјални и еколошки околности.

[26] S. G. Reddy. (2017). “The BRICS and a Changing World.” The BRICS and a Changing World. Published: 27 September 2017. Available at: https://developingeconomics.org/2017/09/27/the-brics-and-a-changing-world/

- Зголемениот придонес на земјите членки на БРИКС кон светската економија и зголемената важност на економските односи меѓу земјите членки на БРИКС и другите земји создаваат можност за нови иницијативи кои подобро ќе помогнат да се поддржат одржливиот и сеопфатен раст и развој.

**Заклучок**

Неформалните институции и механизми се носители на процесот на функционалната конвергенција на системите на корпоративно управување. Земјите во развој и глобалната финансиска криза го подпомогнаа и забрзаа процесот на конвергенција. Во услови кога развиените економии се соочуваа со слабостите на нивните системи на корпоративно управување, а економиите во развој градеа систем на корпоративно управување соодветен на економскиот раст и развој, се јави потребата од поставување меѓународни норми, стандарди и принципи за добро корпоративно управување, кои ќе бидат резултат на формална и функционална конвергенција. Конвергенцијата според многу аналитичари и експерти е прашање на опстанок, а не на избор.

Постоењето на ефикасен систем на корпоративно управување е потреба на секоја компанија која сака да биде конкурентна на глобалниот пазар. Економиите кои беа погодени од кризата преземаа мерки за унапредување и јакнење на корпоративното управување и елиминирање на забележаните слабости со цел побрзо и полесно да ги надминат последиците, а економиите во развој за да одговорат на предизвикот за понатамошен долгорочен економски раст и развој. Земјите во развој ослободени од конзервативните стеги, без припадност кон англосаксонскиот или континенталниот систем на корпоративно управување, полесно и побрзо ја прифатија конвергенцијата со цел поставување на постулати врз кои ќе се гради и развива доброто корпоративно управување. Во потрагата по ефикасен и соодветен систем на корпоративно управување тие во голема мера се и носители на процесот на конвергенција. Конвергенцијата ќе овозможи, компаниите без разлика на сопственичката структура, дали е концентрирана или дисперзирана, дали имаат едностепен или двостепен систем на управување, ако имаат здрава корпоративна структура и во своето функционирање ги инкорпорираат основните постулати за добро корпоративно управување да остваруваат позитивни резултати на долк рок.

Не постои еден најдобар систем на корпоративно управување кој ќе биде универзално прифатен и инкорпориран во функционирањето на компаниите, но постојат одредени стандарди и принципи кои се резултат на конвергенција на постоечките системи и кои водат кон добро корпоративно управување. Колку се поминимални разликите во правната регулатива, формалните и неформалните институции на корпоративното управување, толку сигурноста кај инвеститорите е поголема, а тоа значи и развој на пазарите на капитал.

Проекцијата на земјите од БРИКС (Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужна Африка) е да станат главни двигатели на растот во светската економија до 2030 година. Но, за тоа мора да водат многу координирани меѓународни напори за зголемување на финансирањето на продуктивни инвестиции во други нови економии и во економиите во развој.Соработката на БРИКС е водена не само од економски и политички фактори, туку и од неуспехот на постоечката рамка на глобално економско управување да ги задоволи потребите на овие земји. Како резултат на тоа, земјите од БРИКС воспоставија

нов механизам за соработка кој ја промовира политичката и безбедносната структура на реформи во управувањето во ОН и во меѓународните финансиски, монетарни и трговски системи.Од значење е тоа што соработката меѓу земјите членки на БРИКС не само што дава резултати кои се во согласност со нивните сопствени интереси, туку ги одразуваат интересите и на другите земји. Нивната соработка води до прогресивни промени во меѓународниот систем.

Оттука, не изненадува тоа што овие економии станаа нови двигатели на глобалната побарувачка. Земјите членки на БРИКС се насочени кон остварување на заедничката цел за реформирање на меѓународниот финансиски и монетарен систем, со силна желба да се изгради поправеден и избалансиран меѓународен поредок кој ќе ја одразува динамиката на денешната глобална економија и ќе им служи на интересите на сите учесници на коректен начин. За таа цел, петте земји во сојузот играат важна улога во Г-20, во обликувањето на глобалната економска политика и промовирањето на финансиската стабилност. Земјите членки на БРИКС даваат значаен придонес за глобалниот раст, трговијата и инвестициите, имаат силно влијание врз зајакнувањето на глобалната економија и преобликувањето на меѓународните економски односи. Тие денес се на листата на највлијателни глобални актери кои остваруваат континуиран раст,а со политичките иницијативи даваат значителен придонес во меѓународниот развој и управувањето со глобалната економија.

**Користена литература**

Almadani,A. A. (2014). “Globalization and Corporate Governance.” *International Journal of Innovation, Management and Technology*, Vol. 5(5): 394-400.

Corporate Governance Voluntary Guidelines 2009, December 2009;

King Code of Corporate Governance for South Africa 2009 (King III), September 2009;

Kumar, V. “Brics, THE PATH TO 2050 DREAMING WITH BRICS.” Published on Oct 12, 2015;

Mminele, D. (2016). “The role of BRICS in the global economy.” Address by Mr. Daniel Mminele, Deputy Governor of the South African Reserve Bank, at the Bundesbank Regional Office in North Rhine-Westphalia, Düsseldorf, Germany,7 July 2016;

OECD. (2015). *G20/OECD Principles of Corporate Governance*, Ankara;

S. G. Reddy. (2017). “The BRICS and a Changing World.” The BRICS and a Changing World. Published: 27 September 2017;

Tang Xin, Revision of Lawa and Corporate Governance in China: With the treatment of tunneling as an example, Tsinghua University, School of Law, 2009;